# НОБ И РЕВОЛУЦИЈАТА

## ВО ЛИКОВНИТЕ ДЕЛА

ПО ПОВОД
# XI КОНГРЕС на СКЈ

ДОМОТ НА ЈНА — СКОПЈЕ И
УМЕТНИЧКАТА ГАЛЕРИЈА — КУМАНОВО

ОРГАНИЗИРААТ

# ИЗЛОЖБА на

## тема НОБ и РЕВОЛУЦИЈА

ОД КОЛЕКЦИЈАТА НА
СЛИКАРСКАТА КОЛОНИЈА
**— ПРОХОР ПЧИНСКИ —**

---

ИЗЛОЖБАТА ЌЕ БИДЕ ОТВОРЕНА ВО
ЛИКОВНИОТ САЛОН НА ДОМ ЈНА — СКОПЈЕ
ОД 13. VI. ДО 15. VII. 1978

---

Во падините на легендарниот Козјак во манастирот Прохор Пчински каде се удрени темелите на македонската држава на првото заседание на АСНОМ, неколку години работи збратимената сликарска колонија во организација на Работничкиот универзитет во Врање и Културно-просветната заедница од Куманово.

Уште во самиот почеток оваа колонија тематски се определи за нашата Револуција за да во ликовните дела го овековечат славното минато на братските југословенски народи и народности.

Во изминатите години учествуваа над 50 уметника од повеќе градови од републиките и покраините на нашата земја. Создадени се над 200 ликовни дела со историска содржина и истите потврдуваат дека колонијата е на добар пат во реализацијата на долгогодишна замисла за постоење на една ваква манифестација која ќе има повеќекатно значење. Од една страна зближување на уметниците на братските републики за овековечувањето на братството и единството со крв извојувано од Југословенските народи и народности, а од друга страна создавање на ликовни вредности од нашето блиско минато.

Иако оваа сликарска колонија е млада и работи само четири години, сепак интересот за неа е добар и слободно можеме да кажеме дека се створени вредни ликовни дела кои заслужуваат внимание.

Очекуваме дека секој нов собир во ликовната колонија ќе донесе нови имиња — уметници со свежи и нови идеи за уште поголемо збогатување на ликовното дело а со тоа и на ликовниот живот во нашата земја.

**Од организаторите на изложбава**



## ИЛИЈА АРИЗАНОВ

Ул. 820 бис 3 Маџари — Скопје

Роден 1946 во с. Негорце — Гевгелија. Академија за применета уметност завршил во Белград 1973. Постдипломски 1975.

**Самостојно излагал:**

1975 во Белград
1976 во Скопје

**Групно излагал во:**

Киев, Скопје, Куманово, Загреб и др.
Член на ДЛУМ од 1975 г.

1 — ЕКСПЛОЗИЈА



**ТАНЕ**
**АТАНАСОВСКИ — ГАРСКИ**

Ул. Киро Антевски 10 Куманово

Роден 1938 во с. Гари Дебарско. Завршил Филозофски факултет група Историја на уметност — Скопје. Член на ДЛУК и ДЛУМ

**Самостојни изложби:**

Во Куманово 1962, 1964, 1966, 1969 и 1972, Битола и Пула 1970 Скопје 1972 и 1973 Лесковац и Врање 1972 Пазин 1974.

**Групно излагал:**

Во Скопје, Битола, Лесковац, Врање, Белград, Светозарево, Вараждин, Струмица, Панчево, Ријека и други места.

2 — ПОХОД



## БОЖИДАР БОШКОВИЌ

Булевар АВНОЈ 51/27 Нови Сад

Роден 1935 во Колашин. Академија за применета уметност завршил во Белград 1963 г.

**Самостојно излагал:**

Во Нови Сад, Херцег Нови и Титоград.

**Групно излагал:**

Во Нови Сад, Зрењанин, Белград, Загреб, Љубљана, Сарајево, Приштина, Бања Лука, Братислава, Будимпешта, Москва и Берлин.

3 — ОСТАТОЦИ I
4 — ОСТАТОЦИ — II



**МИЛУТИН ГАИЌ**

Закиќева 18 Крушевац

Роден 1949 во Рума. Дипломирал сликарство на АЛУ Загреб.

**Самостојно излагал:**

во Крушевац и Рума.

**Колективно излагал:**

Во Крушевац, Врање, Куманово, Струмица, Штип и други места.

5 — АНЃЕЛ ШАЈЧЕ I

6 — АНГЕЛ ШАЈЧЕ II



7 — ЗА ВРЕМЕ НА ОДМОР
8 — ЗАБАВА

**ИСЕНИ РЕЏАИ**

Основно училиште »Култура« с. Матејче, Куманово.

Роден 1939 во с. Матејче, кумановско. Завршил Педагошка академија во Скопје.
Член е на ДЛУК и ДЛУМ.

**Самостојни изложби:**
Прешево 1968, Куманово 1969 и 1970, Скопје 1968 и Белград 1969.

**Групно излагал во:** Приштина, Гњилане, Урошевац, Куманово, Битола, Штип, Прилеп, Цетиње, Тузла и други места.



9 — РАНЕТИОТ

**ЉИЉАНА КОВАЧЕВИЌ ЃОРЃЕВИЌ**

Ул. Нехрова 242/13
Родена 1930 во Белград.
Член на УЛУС

**Самостојно излагала** во Земун 1974 и Белград 1975.

**Колективно излагала** на УЛУС-ови изложби.



**ДИМИТАР МАНЕВ**

Ул. Тошо Караџа 21/III 10 Скопје

Роден во Штип 1948. Академија за применета уметност завршил во Белград.
Член е на ДЛУМ.

**Самостојно излагал:**

Во Скопје 1976.

**Колективно излагал:**

Во Скопје, Куманово, Врање, Битола, Врбас, Ријека, Струмица, Штип и др. места.

10 — КОМПОЗИЦИЈА



11 — ПРОХОР ПЧИЊСКИ, ПЕЈСАЖ

**МИЛАН ОБРАДОВИЌ — МИКА**

с. Баваништа кај Панчево.
Роден 1938 во Баваниште. Завршил виша ликовна во Белград.

**Самостојно излагал:** во Ковин, 1959, 1963, 1969, 1976 Панчево 1975.

**Колективно излагал** во Панчево, Врање, Куманово, Струмица, Штип и др. места.



**НИКОЛА ПЕЈАКОВИЌ — КОЛЕ**

Ул. Б. Пивљанина с/84-4 Никшиќ.

Роден 1941 во Цетиње. Завршил Педагошка академија во Никшиќ.

**Самостојно излагал:**

Во Цетиње и Никшиќ 1962.

**Колективно излагал:**

Во Никшиќ, Будва, Врање, Куманово, Струмица, Штип и други места.

12 — ТРАГИ

13 — БЕСЕЊЕ



**НЕБОЈША РАДОЈЕВ**

Ул. 29 Новембар 6 Вршац.

Роден 1946 во Нови Козарци. Академија за ликовна уметност завршил во Белград 1970 г.

Член на УЛУС.

**Самостојно излагал:**

Во Банатски Карловац 1968, 1969 и 1972. Нови Сад 1972 и 1976, и Вршац 1972.

**Колективно излагал:**

Во Сомбор, Белград, Зрењанин, Вршац, Суботица, Нови Сад, Врање, Куманово, Струм ица, Штип и други места.

14 — НАБЉУДУВАЊЕ



15 — ЗЛОСТОРСТВО

## ПРЕДРАГ САВИЌ — ДРАКЧЕ

Ул. Сима Погачаревиќ 66 Врање.
Роден 1939 во Врање. Завршил Педагошка академија во Скопје. Член е на ДЛУК.

**Самостојно излагал:** во Врање 1957, 1958 и 1959.

**Колективно излагал:** во Врање, Куманово, Струмица, Штип, Светозарево, Вараждин, Скопје и други места.



**ЈОВИЦА СТЕВАНОВИЌ**

Нови Белград

Роден во 1947 во Лесковац. Академија за ликовна уметност завршил во Белград 1971 година и 1973 постдипломски.

**Самостојно излагал** во Белград 1973.

**Колективно** во Белград, Лесковац, Куманово, Врање, Струмица, Штип и други места.

16 — ЗАСЕДАНИЕ
17 — БОРБА ЗА РАНЕТИТЕ